АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), се доставува


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 07.10.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 4278/1 | | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување

2. **Субјект на надзорот**: Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево

3. **Период опфатен со надзорот**: од 30.09.2025 до 4.10.2025 година

4. **Датум на извршување на надзорот**: 7 октомври 2025 година

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** („За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група можат да одвојат една минута која се распределува по претходен писмен договор и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати можат да одвојат триесет секунди кои се распределуваат по претходен писмен договор.“)

   - **Точка 3 од Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година** број 01-4137/1 од 26 септември 2025 година (3. „Во согласност со распределбата на времето за платено политичко рекламирање утврдена во член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, вкупно деветте минути и триесет секунди (00:09:30) на реален час емитувана програма, ќе се користат на следниов начин:
     - Во максимум 4-те минути наменети за двете најголеми политички партии од позицијата, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на политичката партија ВМРО ДПМНЕ (Коалиција Твоја Македонија) и на политичката партија Движење БЕСА (Коалиција ВЛЕН).

- Во максимум 4-те минути наменети за двете најголеми политички партии во опозиција, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на политичката партија СДСМ (Коалиција за локални избори 2025) и на политичката партија ДУИ (Национална алијанса за интеграција – НАИ).
- Во максимум 1-та минута наменета за политичките партии во Собранието на Република Северна Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група ќе се емитува платеното политичко рекламирање на политичката партија ЛДП (Коалиција Искуство за успех), на политичката партија Демократска партија на Турците на Македонија и на политичката партија Демократска партија на Србите во Македонија.
- Преостанатите 30 секунди се наменети за подносителите на листи кои не се застапени во Собранието на Република Северна Македонија, односно за кандидатите од групи избирачи.")

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, телевизија на локално ниво што емитува програма преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, емитуван на 30.09.2025, 02.10.2025, 03.10.2025 и на 04.10.2025 година, за време на првиот круг од Локалните избори 2025, **констатирано е прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик**.

Имено, спротивно на членот 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево на:

- 30.09.2025 година, во реалниот час од 23 до 24 часот емитуваше вкупно 288 секунди за Коалицијата Влен, односно за 48 секунди го надмина дозволениот лимит од најмногу 240 секунди (4 минути) наменет за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови;
- 02.10.2025 година, во реалниот час од 23 до 24 часот емитуваше вкупно 276 секунди за Коалицијата Влен, односно за 36 секунди го надмина дозволениот лимит од најмногу 240 секунди (4 минути) наменет за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови. Во истиот реален час од 23 до 24 часот емитуваше и вкупно 332 секунди за Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ, односно за 92 секунди го надмина дозволениот лимит од најмногу 240 секунди (4 минути) наменет за двете најголеми политички партии од опозицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови;
- 03.10.2025 година, во реалниот час од 22 до 23 часот емитуваше вкупно 332 секунди за Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ, односно за 92 секунди го надмина дозволениот лимит од најмногу 240 секунди (4 минути) наменет за двете најголеми политички партии од опозицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови;
- 04.10.2025 година, во реалниот час од 22 до 23 часот емитуваше вкупно 332 секунди за Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ, односно за 92 секунди го надмина дозволениот лимит од најмногу 240 секунди (4 минути) наменет за двете најголеми политички партии од опозицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

**30.09.2025**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 23:01:24 – 23:03:48 | 144 секунди | Коалиција ВЛЕН |
| 23:32:40 – 23:35:04 | 144 секунди | |
| | **Вкупно: 288 секунди** | |

| |
|---|
| Надминување од 48 секунди над дозволените најмногу 240 секунди (4 минути) |

02.10.2025

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 23:19:07 – 23:20:21 | 74 секунди | Коалиција ВЛЕН |
| 23:20:21 – 23:21:35 | 74 секунди | |
| 23:21:35 – 23:22:39 | 64 секунди | |
| 23:22:39 – 23:23:43 | 64 секунди | |
| | Вкупно: 276 секунди | |
| Надминување од 36 секунди над дозволените најмногу 240 секунди (4 минути) | | |

02.10.2025

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 23:31:06 – 23:31:40 | 34 секунди | Коалиција Национална алијанса за интеграција – НАИ |
| 23:41:09 – 23:43:42 | 153 секунди | |
| 23:43:43 – 23:46:08 | 145 секунди | |
| | Вкупно: 332 секунди | |
| Надминување од 92 секунди над дозволените најмногу 240 секунди (4 минути) | | |

03.10.2025

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 22:35:52 – 22:36:26 | 34 секунди | Коалиција Национална алијанса за интеграција – НАИ |
| 22:36:26 – 22:38:59 | 153 секунди | |
| 22:39:00 – 22:41:25 | 145 секунди | |
| | Вкупно: 332 секунди | |
| Надминување од 92 секунди над дозволените најмногу 240 секунди (4 минути) | | |

04.10.2025

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 22:36:22 – 22:36:56 | 34 секунди | Коалиција Национална алијанса за интеграција – НАИ |
| 22:36:56 – 22:39:29 | 153 секунди | |
| 22:39:30 – 22:41:55 | 145 секунди | |
| | Вкупно: 332 секунди | |
| Надминување од 92 секунди над дозволените најмногу 240 секунди (4 минути) | | |

7. **Опис на прекршувањето:**

Спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, на 30.09.2025, 02.10.2025, 03.10.2025 и 04.10.2025 година, за време на првиот круг од Локалните избори 2025 година, во неколку реални часови емитувана програма ги надмина дозволените лимити за платено политичко рекламирање и тоа:

- Со емитување платено политичко рекламирање за Коалицијата ВЛЕН ги надмина дозволените лимити од најмногу 4 минути (240 секунди) на реален час за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, и

- Со емитување платено политичко рекламирање за Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ ги надмина дозволените лимити од најмногу 4 минути (240 секунди) за двете најголеми политички партии од опозицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

8. **Предлог-мерка:**

Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево.

***Сектор за програмски работи***